# III. Надворешно-трговски и девизни движења во Република Македонија

## Основни индикатори за надворешно-трговските и девизните движења

| | месец | Износ (милиони УСД) | Месечни промени во % | I-VII.2003 (милиони УСД) | Промени во % |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | во однос на ист период од претходната година |
| **Надворешно-трговска размена** | VII.2003 | 315,4 | 5,4 | 2.076,7 | 21,5 |
| **Извоз** | VII.2003 | 122,7 | 3,5 | 773,3 | 24,6 |
| **Увоз** | VII.2003 | 192,7 | 6,6 | 1.303,4 | 19,7 |
| **Салдо** | VII.2003 | -70,0 | 12,4 | -530,1 | 13,3 |
| | | | | | во однос на крајот од претходната година |
| **Надворешен долг на РМ** | VIII.2003 | 1.593,4 | -2,0 | - | 5,0 |
| **Девизен курс на девизен пазар** | VIII.2003 | | | | |
| (денари за единица странска валута) | | | | | во однос на ист период од претходната година |
| **МКД / УСД** | | 56,53 | 5,4 | | -8,7 |
| **МКД / ЕВРО** | | 61,21 | -0,1 | | 0,4 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и Народна банка на Република Македонија.
Извор: Државен Завод за статистика на Република Македонија и Народна банка на Република Македонија.

## 3.1. Девизни движења

*Во август 2003 година прометот на девизниот пазар забележа пад од 14,4%...*

Прометот на девизниот пазар во август 2003 година се намали за 40,8 милиони САД долари во однос на претходниот месец и изнесуваше 241,8 милиони САД долари. Притоа, трансакциите остварени помеѓу банките и претпријатијата сочинуваат 86,6% од вкупниот промет на девизниот пазар. НБРМ интервенираше на девизниот пазар остварувајќи нето откуп, додека деловните банки оствариja нето продажба на девизни средства. На крајот на август 2003 година, вредноста на денарот во однос на еврото на девизниот пазар забележа минимална апресијација на месечна основа (0,1%) и за едно евро се разменуваа 61,21 денари. Во однос на американскиот долар вредноста на денарот депресираше за 5,4% и за еден американски долар се разменуваа 56,53 денари. Депресијацијата на денарот во однос на доларот главно се должи на апресијацијата на доларот во однос на еврото во текот на август.

*...при што денарот апресираше за 0,1% во однос на еврото и депресираше за 5,4% во однос на доларот*

Графикон 21
Движење на вкупниот промет на девизниот и менувачкиот пазар
(во милиони САД долари)




*Намалување на прометот на менувачкиот пазар во август 2003 година за 24,7%*

Во август 2003 година прометот на менувачкиот пазар се намали за 42,0 милиони САД долари во однос на претходниот месец и се сведе на 127,9 милиони САД долари. Падот во прометот главно се должи на високата споредбена основа од претходниот месец кога беше регистриран највисок обем на промет во оваа година. Понудата на девизни средства се намали за 24,9% и изнесуваше 76,1 милион САД долари, а побарувачката за девизни средства се намали за 24,8% и изнесуваше 51,8 милиони САД долари. Притоа, менувачниците во овој месец извршија нето откуп на девизни средства во износ од 24,2 милиони САД долари. Просечниот курс на денарот во однос на еврото на менувачкиот пазар остана речиси непроменет во однос на претходниот месец и за едно евро се разменуваа 61,44 денари. Просечниот курс на денарот во однос на американскиот долар[8] изнесуваше 54,18 денари за еден долар, при што вредноста на денарот во однос на доларот депресираше за 2,0%.

[8] Курсот на американскиот долар е преземен од курсната листа за менувачко работење на НБРМ.

Графикон 22
Дневен среден девизен курс на денарот во однос на еврото и американскиот долар на девизниот пазар
(денари за единица странска валута)




*Петмесечен тренд на пораст на вкупниот девизен потенцијал на Република Македонија...*

Вкупниот девизен потенцијал на Република Македонија продолжи со растечкиот тренд (месечен пораст од 7,5 милиони САД долари) и во август 2003 година достигна 1.541,7 милиони САД долари. Притоа, бруто девизните резерви на НБРМ се намалија за 12,2 милиони САД долари во однос на претходниот месец и се сведоа на 816,9 милиони САД долари. Падот на бруто девизните резерви главно се должи на интервалутарните односи.

Графикон 23
Девизен потенцијал на Република Македонија
(во милиони САД долари)




*...и забележан пад на девизните средства кај депозитните банки*

Вкупните девизни средства на банките во август 2003 година забележаа пад од 19,8 милиони САД долари и изнесуваа 644,9 милиони САД долари. Падот во најголем дел се должи на намалените девизни депозити на населението (за 11,5 милиони САД долари) и останати девизни депозити (за 4,1 милион САД долари).